**Закачено на** огласна табла на судот на ден 12-07-2024 година

**ОСНОВНИОТ СУД КАВАДАРЦИ**, како првостепен надлежен суд, преку стечајниот судија Елизабета Петковска , постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот Трговско друштво за ископ на руди, производство на метали, трговија и услуги ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ДОО с. Возарци Кавадарци- во стечај со седиште с. Возарци Кавадарци со ЕМБС: 7331380 и ЕДБ: 4011019516489 , врз основа на одлука на Собранието на доверители за извршена продажба , без одржување на рочиште на ден 11-07-2024 година го донесе следното :

**Р Е Ш Е Н И Е**

**Се констатира** дека доверителите на седницата на Собранието на доверители на стечајниот должник одржана на ден 11-07-2024 година , не ја прифатија постигнатата цена на првата електронска продажба со јавно наддавање на имотот на стечајниот должник кој претставува стечајна маса и тоа :

ПАКЕТ бр. 3- Нова Инженеринг Магацин

со проценета вредност од 27.046.814,00 денари а со понуда во износ од 738.000,00 денари или 2,72% од проценетата вредност.

и дека првата електронска продажба одржана на ден 26-06-2024 година за горенаведениот предметен имот **е неуспешна .**

**Се задолжува** стечајниот управник да објави втора електронска продажба на стечајната маса а во рок од 15 дена по приемот на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со решение СТ.бр.27/23 (1/24, 3/24) од 02-02-2024 година е отворена стечајна постапка над должникот Трговско друштво за ископ на руди, производство на метали, трговија и услуги ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ДОО с. Возарци Кавадарци- во стечај .

Во текот на отворената стечајна постапка е извршена прва продажба на имотот на стечајниот должник и тоа поделен во вкупно пет пакети , а кој што имот е дел од стечајната маса и тоа по електронски пат со јавно наддавање.

Продажбата на имотот е вршена на ден 26-06-2024 година без објавување на почетната цена.

На одржаното јавно наддавање по електронски пат учесникот (понудувачот) Друштво за производство на метали ДАБЛ ИГЛ НИКЕЛ ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци со седиште во село Возарци Кавадарци со ЕМБС: 7749759 , понудил пониска цена од проценетета вредност на имотот децидно наведен во изреката на ова решение и тоа за пакет бр. 3.

На седницата на Собрание на доверители на стечајниот должник одржана на ден 11-07-2024 година , доверителите со мнозинство на утврдените побарувања претставени од присутните доверители односно со 98,085% гласови на доверителите со утврдени побарувања присутни на седницата на Собранието на доверители донесоа одлука со која не се прифаќа понудената цена од учесникот-понудувач.

Судот постапувајќи во согласност со донесената одлука на Собранието на доверители на стечајниот должник одлучи како во изреката на решението со што го задолжи стечајниот управник да спроведе втора електронска продажба со јавно наддавање на предметниот имот.

**РЕШЕНО ВО ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ:СТ.бр. 27/23 од 11-07-2024 година**

Стечаен судија,
Елизабета Петковска,с.р.

**Правна поука согласно чл. 99 ст.3 од ЗС:**
Против ова решение не е дозволено
право на жалба.

**Верно со оригиналот тврди:**

**Решението да биде доставено до:**
1. Стечајниот управник Ацо Петров од Скопје
2. Друштво за производство на метали ДАБЛ ИГЛ НИКЕЛ ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци